Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20,151/21 и 288/21), член 5, член 8 и член 9 од Колективниот договор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејност давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ А.Д. - Скопје бр. 02-302/1 од 07.02.2019 година, Изменувањето и дополнувањето на Колективниот договор на М-НАВ А.Д. - Скопје и Анекс 1 на истиот бр. 02-2799/1 од 31.12.2019 година, Правилникот за систематизација на работните места на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје бр. 02-447/19 од 25.02.2020 година - Пречистен текст, изменет со Одлука од УО бр. 02-753/6 од 14.04.2020 година, бр. 02-1877/15 од 11.11.2020 година, бр. 02-1971/13 од 27.11.2020 година, бр. 02-94/18 од 26.01.2021 година, бр. 02-514/8 од 15.04.2021 година бр. 02-147/21 од 09.02.2022 година, бр. 02-220/6 од 25.02.2022 година, бр.02-363/4 од 23.03.2022 година, бр. 02-630/7од 09.05.2022 година, бр. 02-776/13 од 02.06.2022 година и бр.02-922/11 од 05.07.2022 година, Правилник за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контрола на летање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/17, 89/18, 177/18 и 158/19), а согласно Одлука од УО бр. 02-823/6 од 16.06.2022 година и добиената Согласност од Министерството за финансии на РСМ бр. 18-3798/2 од 15.04.2022 година а наш бр. 03-409/2 од 15.04.2022 година „М-НАВ‘‘ А.Д - Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2022**
**ЗА ПРИЕМ НА 8 КАНДИДАТИ НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ**

„М-НАВ‘‘ А.Д - Скопје објавува оглас за прием на 8 (осум) кандидати на обука за стекнување дозвола за контролор на летање и вработување на определено време во времетраење од 1 (една) година со можност за продолжување на уште 1 (една) година, за следното работно место:

- Студент контролор на летање, Центар за обука на КЛ, ПКЛ и FMP извршители, во Сектор за воздухопловна навигација 8 (осум) извршители.

Кандидатите потребно е да исполнуваат:

**<u>Општи услови:</u>**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да има 18 години, а да нема наполнето 27 години;
- да има завршено најмалку IV степен на стручна подготовка (завршен со одличен или многу добар успех и примерно однесување);
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**<u>Посебни услови</u>:**

- да има познавање на англиски јазик кое одговара најмалку на ниво Б2 (B2);
- да нема започнато слична обука во друга организација за контрола на летање;
- да нема неуспешна обука на друго место за контрола на летање;
- успешно да го положи FEAST тестот во согласност со Еуроконтрол стандардите, повеќе информации може да се најдат на веб страната www.feast.info;
- валидно лекарско уверение за здравствена способност класа III во согласност со ЕУ регулативата 2015/340 (Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал);

- способности и вештини, лични квалитети а особено: владеење на посебни вештини – работа на компјутери; вештини за брза обработка на информации; способност за размислување и изразување точно и логично; способност за работа во тим, но и самостојно.

**<u>Општи информации за постапката за селекција на кандидатите:</u>**

Постапката за селекција на кандидатите ќе се спроведува во етапи. Секоја етапа е селективна, што значи дака во секоја наредна етапа ќе се повикуваат кандидатите кои ги исполниле условите од претходната етапа и тоа:

1. Благовремено доставување на пријава со бараните документи.
2. За пријавените кандидати „М-НАВ" А.Д. - Скопје по потрба може да спроведе предселекциски тестови.
3. По спроведување на тестот ќе се изготви ранг листа на најуспешни кандидати.
4. Со најдобрите кандидати наведени во ранг листата на „М-НАВ" А.Д. Скопје ќе се спроведе FEAST тестирање за поседување на општи и специфични способности, карактеристики и предиспозиции неопходни за стекнување на услови за кандидат за контролор на летање во Скопје.
5. Кандидатите кои предходно го полагале FEAST тестот нема да бидат повторно тестирани, но може да конкурираат со веќе постигнатите резултати од тестирањето.
6. Доколку по спроведување на селекционите етапи 2 и 4 нема доволно успешни кандидати, етапата 4 ќе се спроведе за наредните 30 кандидати од ранг листата од точка 3, се до достигнување на минималниот број.
7. Кандидатите се упатуваат на лекарски преглед во овластена здравствена институција за утврдување на здравствената способност – лекарско уверение класа III согласно ЕУ регулативата 2015/340 (Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал). Трошоците настанати за лекарски прегледи на кандидатите ги сноси „М-НАВ" А.Д - Скопје.
8. Со кандидатите кои успешно ги поминале сите претходни фази ќе се спроведе интервју од страна на комисијата за селекција на кандидатите.
9. Кандидатите кои што ќе бидат избрани ќе потпишат договор за вработување на определено време со „М-НАВ" А.Д - Скопје за период додека се на обука. Во договорот ќе бидат опфатени нивните права и обврски за целиот предвиден период, како и постапките во случај на еднострано раскинување на договорот. Договорот ќе го опфаќа целиот период до стекнување на Дозвола за контролор на летање во „М-НАВ" А.Д - Скопје. Работодавачот има право со работникот кој ќе се стекне со Дозвола за контролор на летање да склучи договор за вработување на неопределено време согласно Законот за работни односи, Колективниот Договор на М-НАВ А.Д – Скопје, Правилникот за систематизација на работни места во ‘‘М-НАВ‘‘ А.Д. Скопје, законските и другите прописи и акти, доколку за склучување на договорот добие согласност од Министерството за финансии на РСМ. Работникот што ќе се вработи на неопределно работно време, ќе има обврска да биде во работен однос во „М-НАВ" А.Д - Скопје наредните 10 години.

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните докази за исполнување на потребните услови за работното место, во оригинал или копија заверени на нотар:

- пријава за вработување (пријавата може да се симне на веб страната на „М-НАВ“ А.Д - Скопје www.mnavigation.mk);
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство;
- доказ за завршено образование најмалку IV степен на стручна подготовка;
- сертификат за познавање на англиски јазик кое одговара најмалку на ниво Б2 (certificate B2);
- уверение од кривична евиденција (не постаро од 6 месеци);
- потврда од казнена евиденција (не постаро од 6 месеци);
- уверение дека не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци);
- ако кандидатот претходно го полагал FEAST тестот треба да достави изјава кога и каде (место, организација) го полагал тестот.

Заинтересираните кандидати потребната документација заедно со пријавата можат да ја поднесат во просториите на „М-НАВ“ А.Д - Скопје или по пошта на адреса: ул. Македонија бр.25, објект Лазар Поп Трајков, 1000 Скопје, секој работен ден во определениот рок, во текот на работното време (07:30 часот - 15:30 часот) со назнака „за оглас број 3/2022“.

Рокот за поднесување на пријавите и потребната документација трае 15 (петнаесет) работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување), а изборот ќе се изврши имајќи го во предвид бројот на пријавените кандидати и тоа доколку се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Пријавите што нема да бидат поднесени на наведениот начин и во утврдениот рок и пријавите што нема да ги содржат потребните документи ќе се сметаат за ненавремени и некомплетни и истите нема да се разгледуваат.

Контакт лице за дополнителни информации **Иво Паскалов**, мобилен телфон 075 444 381, е-пошта: ivo.paskalov@mnavigation.mk и **Xhultene Tershani** мобилен телфон 075 273 830, е-пошта: djultene.tershani@mnavigation.mk.

**НАПОМЕНА!**

Кандидатите за кои ќе се утврди дека предходно го полагале FEAST тестот и не го положиле, а истото не го пријавиле ќе бидат дисквалификувани.

**„М-НАВ‘‘ А.Д Скопје**